**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I бр. 25-396
___. 08. 2017 година
31 -08- 2017 Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од Трговското друштво за технички испитувања и анализи ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ЦВС ДООЕЛ Струмица и Предлогот за овластување за техничка служба доставен од органот за одобрување со УП I бр.25-396 од 24.07.2017 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

1. **СЕ ОВЛАСТУВА** Трговското друштво за технички испитувања и анализи ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ЦВС ДООЕЛ Струмица, во инспекциското место во станицата за технички преглед на ул.Климент Охридска бр.47 Струмица, за техничка служба, односно за вршење на стручни работи во следните постапки:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R, согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16);

б) Одобрување на преправени и поправени возила од категориите M и N, согласно член 6 точка 1, 4 и 10 и член 7 секторски по точка 1 (ТНГ), 3, 4, 5 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10).

в) Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.101/13).

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението со број УП-I бр. 25-81 од 09.07.2015 година..

**О б р а з л о ж е н и е**

Органот за одобрување врз основа на барањето од Трговското друштво за технички испитувања и анализи ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ЦВС ДООЕЛ Струмица, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба со УП I бр.25-396 од 24.07.2017 година, како и барањето за овластување со целокупната документација за инспекциското место во станицата за технички преглед на ул.Климент Охридска бр.47 Струмица, за вршење на стручни работи во следните постапки:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R, согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило;

б) Одобрување на преправени и поправени возила од категориите M и N, согласно член 6 точка 1, 4 и 10 и член 7 секторски по точка 1 (ТНГ), 3, 4, 5 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила.

в) Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и

Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото.

Со барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за техничка служба бр.1609-14/5 од 12.07.2017 година издаден од органот за одобрување – Биро за метрологија;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-089 од 18.06.2015 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, со важност до 17.06.2019 година и Прилог кон сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-089 од 23.06.2017 година;
- Доказ за Тековна состојба, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0805-50/150820170003870 од 31.05.2017 година;
- Доказ за осигурување од професионална одговорност, Полиса бр.ОР-00448445 од САВА Осигурување АД Скопје со важност до 06.07.2018 година;
- Договор за закуп на деловен простор и опрема, склучен на 01.04.2010 година, помеѓу ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ Струмица и ДООЕЛ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ЦВС Струмица заверен на нотар со број УЗП 1896/17 од 24.03.2017 година;
- Извештај за извршена контрола на функционалност и исправност на мерилата и контролните уреди бр. 017/2017 од 10.05.2017 година во станицата за технички преглед на моторни и приклучни возила ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ЦВС ДООЕЛ Струмица;
- Доказ за позитивен бонитет-Информација за економско финансиската состојба на субјектот бр.0905-22/103 од 21.08.2017 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија;
- Доказ за вработен стручен кадар и докази за стручна подготовка, копии од обрасци М1/М2 за вработениот стручен кадар во редовен работен однос кај правното лице: дипл. маш. инж. Механџиски Миле; дипл. маш. инж. Стојанов Горан; дипл. маш. инж. Христов Симон и дипл. маш. инж Ташев Никола.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила; Правилникот за единечно одобрување на возило; Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила; Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото; и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10), утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР,**
**Kreshnik Bekteshi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ